**20130932228**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ПРЕЗЕМЕН И ИЗМЕНЕТ ДОГОВОР ЗА ЗАЕМ ЗА ПРОЕКТОТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ПОСТОЈАНАТА РЕГИОНАЛНА И ЛОКАЛНА ПАТНА МРЕЖА, КОЈ ЌЕ СЕ СЛУЧИ МЕЃУ МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ–СВЕТСКА БАНКА И ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА**

Се прогласува Законот за гаранција на Република Македонија на обврските по Преземен и изменет договор за заем за Проектот за подобрување на постојаната регионална и локална патна мрежа, кој ќе се случи меѓу Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка и Јавното претпријатие за државни патишта,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 1 јули 2013 година.

Бр. 07–2643/1
1 јули 2013 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ПРЕЗЕМЕН И ИЗМЕНЕТ ДОГОВОР ЗА ЗАЕМ ЗА ПРОЕКТОТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ПОСТОЈНАТА РЕГИОНАЛНА И ЛОКАЛНА ПАТНА МРЕЖА, КОЈ ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ - СВЕТСКА БАНКА И ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

Член 1

Република Македонија го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од Преземениот и изменет договор за заем наменет за финансирање на Проектот за подобрување на постојната регионална и локална патна мрежа кој ќе се склучи меѓу Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка и Јавното претпријатие за државни патишта во износ од 70.000.000 евра, во рокови и услови предвидени во Преземениот и изменет договор за заем, доколку Јавното претпријатие за државни патишта не ги исполнува и сервисира обврските од Преземениот и изменет договор за заем.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од членот 1 од овој закон се утврдуваат со Преземениот и изменет договор за заем, кој ќе се склучи меѓу Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка и Јавното претпријатие за државни патишта за финансирање на Проектот за подобрување на постојната регионална и локална патна мрежа.

Член 3

Сите обврски кои произлегуваат од Преземениот и изменет договор за заем од членот 1 од овој закон, како и сервисирањето на заемот ќе го врши Јавното претпријатие за државни патишта од приходите кои ги остварува, во рокови и услови утврдени во Преземениот и изменет договор за заем.

Член 4

Рокот за отплата на заемот од членот 1 од овој закон е 15 години. Отплатата ќе се врши во 30 полугодишни рати кои пристигнуваат за плаќање на 15 март и 15 септември секоја година, почнувајќи од 15 септември 2013 година заклучно со 15 март 2028 година.

Каматната стапка е ЛИБОР (за евро валута) плус варијабилен распон.

Член 5

За регулирање на меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од Преземениот и изменет договор за заем и Договорот за гаранција Министерството за финансии и Јавното претпријатие за државни патишта ќе склучат посебен договор.

**Преодни и завршни одредби**

Член 6

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем по Проектот за подобрување на постојната регионална и локална патна мрежа ( „Службен весник на Република Македонија“ број 84/2008).

Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".